# П Р А В И Л Н И К

**за плати, додатоци, надоместоци и други примања на вработените и соработниците на Бизнис академија Смилевски – БАС**

**Скопје, декември 2020 година**

Врз основа член 60 став 1 алинеја 18 од Статутот на БАС и врз основа на Предлог Правилникот за платите, додатоците, надоместоците и останатите примања на вработените и соработниците на Бизнис академија Смилевски - (дел. бр. 0205-265/3 од 14.02.2020 година), Органот на основачи на БАС на ден 18.12.2020 година го донесе следниов

# П Р А В И Л Н И К

## за платите, додатоците, надоместоците и останатите примања на вработените и соработниците на Бизнис академија Смилевски - БАС

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот на утврдување на платата, додатоците, надоместоците и останатите примања на вработените и соработниците во Бизнис академија Смилевски – БАС (во понатамошниот текст БАС ) и надоместоците на соработниците во БАС.

**Член 2**

Платата, во смисла на овој Правилник, ги опфаќа сите парични примања кои вработениот и соработниците ги остварува врз основа на работниот однос со БАС, а во зависност од видот и сложеноста на работата која ја извршува, степенот на стручна подготовка, односно наставното, односно наставно-научното звање, обемот на работа и извршување на други деловни функции во склоп на работното место кое вработениот го извршува.

**Член 3**

Со овој Правилник се уредува начинот на исплата на надоместокот за време на боледување, надоместокот за време на платено отсуство, надоместокот за време на неплатено отсуство, надоместок за трошоците, зголемување на платата и други примања.

**Член 4**

Висината на платата ја утврдуваат Орган на основачите на БАС врз основа на овој Правилник.

### 2. ПЛАТА

**Член 5**

Платата на вработените на БАС се утврдува на основа на следниве елементи:

1) Основна плата;
2) Надоместок за дополнителна или вонnаставна ангажираност;
3) Додаток на плата;
4) Остварени резултати по основ на критериум кој го предвидува овој Правилник (дел од плата наменет за работна изведба);

**Член 6**

Елементите од член 6 став 1 од овој Правилник се пресметуваат според бодови.

Почетната вредност на 1 (еден) бод изнесува 100 денари.

Вредноста на бодот се утврдува со донесувањето на годишниот финансиски план (буџет) од страна на Управата на БАС.

**Член 7**

Основната плата е парично изразена вредност на вложениот труд на вработениот за извршување на работните задачи предвидени за работното место во полно работно време (40 работни часа неделно) и остварена стандардна изведба на работата.

Основната плата е предвидена во Договорот за работа кој вработениот го склучува со БАС.

Договорот за работа може да предвиди поголема плата од основната плата која е наведена во овој Правилник по одобрение на Орган на основачите на БАС.

**Член 8**

Основната плата за постојано вработените на БАС кои се избрани во наставно звање изнесува:

| **Наставно/ наставно-научно/ научно звање** | **Основна нето плата изразена во бодови** |
|---|---|
| Предавач на висока стручна школа | 260 |
| Виш предавач на висока стручна школа | 280 |
| Професор на висока стручна школа | 320 |
| Лектор | 260 |
| Виш лектор | 280 |

**Член 9**

Во основната плата на наставниците избрани во наставно звање во обемот на полното работно време влегува ефективното наставно оптоварување, кое се утврдува согласно покриеноста во наставата на основа на фондот на часови предвиден со семестралната или годишната покриеност на наставата т.е согласно Законот за високо образование.

Изведување на настава (интегрирано предавања и вежби) од максимум 6 предмети, односно 6 групи на редовни студенти во година и максимум 4 предмети ( вонредни студенти или студенти на втор циклус на студии во година) .

Доколку наставникот во текот на семестарот не го исполни полниот фонд на предвидени часови разликата во часови може да се компензира со часовите кои наставникот ги има реализирано преку синергирање, далечина или менторирање, деловна функција, работа на проектни активности или пак со дополнително зададена активност од страна на Орган на основачите или од страна на Директорот на БАС.

Часовите, кои постојано вработените наставници ќе ги реализираат како настава на далечина, настава преку синергирање или менторирање, ќе им се исплаќаат како дополнителен месечен надоместок.

**Член 10**

Основната плата за постојано вработените на БАС кои се дел од стручната и административната служба на БАС изнесува:

| **Стручна и административна служба на БАС** | **Основна нето плата изразена во бодови** |
|---|---|
| Помошник референт за студентски прашања | 150 |
| Референт за студентски прашања | 180 |
| Деловен секретар | 250 |
| Хигиеничар со полно работно време[1] | 145 |
| Хигиеничар со пола работно време | 80 |

**Член 11**

Работните активности на деловната функција Библиотекар се во склоп на активностите на деловната фукција Помошник референт за студентски прашања/ Референт за студентски прашања и не повлкува посебен надоместок.

**Член 12**

Во работното време од 40 наставни часа на вработените во стручно – административната служба на БАС, покрај утврдените работни задачи влегува и нивното учество во работата комисии, одбори, органите на БАС и други административни активности предвидени со законските регулативи.

## 2. НАДОМЕСТОК ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА ИЛИ ВОННАСТАВНА АНГАЖИРАНОСТ

**Член 13**

[1] Основната плата на хигиеничарот со полно работно време ќе се менува согласно промените во Законот за минимална плата во Р. Македонија.

Надоместокот за дополнителна или вонаставна ангажираност претставува додаток на платата кој постојано вработените го земаат како надоместок за авторски права или како надоместок по договор на дело кој за одредени работни активности вработениот го склучува со БАС.

**Член 14**

Вработените во БАС кои имаат раководни деловни функции добиваат надоместок за вонаставна ангажираност за извршување на раководна деловна функција во износ:

| **Раководни деловни функции во БАС** | **Надоместок за вонаставна ангажираност изразен во бодови во нето износ** |
|---|---|
| Директор | 100 |
| Менаџер за развој | 90 |
| Заменик директор | 65 |

**Член 15**

Раководните деловни функции *Локациски координатор и Раководител на дејност надвор од седиштето на БАС* претставуваат дел од деловните функции од член 10 на овој Правилник и не повлкуваат посебен надоместок.

**Член 16**

Надоместокот за дополнителна и вонаставна ангажираност за постојано вработените на БАС кои се избрани во наставно, односно наставно-научно или научно звање изнесува:

| **Наставно/ наставно-научно/ научно звање** | **Функционален надоместок изразен во бодови** |
|---|---|
| Предавач на висока стручна школа | 20 |
| Виш предавач на висока стручна школа | 40 |
| Професор на висока стручна школа | 40 |
| Лектор | 20 |
| Виш лектор | 40 |

**Член 17**

Работни задачи на кои се однесува надоместокот за вонаставна ангажираност на наставниците од член 12 се:

1. работа во комисии
2. учество во работењето на органите на БАС,
3. учество во ревидирањето на студиските програми/ предметните програми,

4. учество во проекти за научно-истражувачката работа
5. учество во организациски одбор за реализација на настани и сл.

**Член 18**

Доколку постојано вработените наставници извршуваат некоја деловна функција со посебно овластување и одговорност, добиваат надоместок за дополнителна и воннаставна ангажираност во износ утврден во следната табела:

| **Дополнителни функции** | **Надоместок за дополнителна и воннаставна ангажираност изразен нето износ во бодови** |
|---|---|
| Координатор за ектс, меѓународна соработка и еразмус + програмата | 30 |
| Координатор за далечина, синергирање и други програми | 30 |
| Менаџер за квалитет | 15 |
| ИТ администратор | 50 |
| Соработник за дигитален маркетинг | 15 |
| Координатор за центарот за кариера, алумни и ТСП | 30 |

**Член 19**

Надоместокот за деловната функција Соработник за графички и веб дизајн е составен дел од работната ангажираност на деловните функција ИТ администратор

**Член 20**

Надоместокот за дополнителна и воннаставна ангажираност за постојано вработените кои не се избрани во наставно, односно наставно-научно звање се утврдува согласно Договорот склучен помеѓу вработениот и БАС за задачите кои се наведени во договорот.

## 3. ДОДАТОЦИ

**Член 21**

Додатоци за постојано вработените наставници се исплатуваат за следниве случаи:

1) Доколку наставниците имаат реализирано над предвидената норма на наставни групи предмети (односно максимум 2 групи на вонредни студенти или студенти на втор циклус на студии во годината како дополнително оптоварување), тогаш пресметката на додатокот се прави врз основа на прегледот на часовите и прегледот на износите прикажани подолу во табелата согласно звањето во кое е избран наставникот:

| Ангажираност | Број на средби | Број на часови | Вкупен број на часови |
|---|---|---|---|
| Наставна средба со редовните студенти на прв циклус | 15 | 3/4/5[2] | 45/60/75 |
| Наставна средба со вонредните студенти на прв циклус | 5 | 3 | 15 |
| Наставна средба со студентите на втор циклус на студии | 5 | 3 | 15 |
| Наставна средба со студентите кои студираат преку синергирање | 5 | 1 | 5 |
| Менторска наставна средба со студентите од било кој циклус на студии | 3 | 3 | 9 |
| Активности за студиите на далечина | / | 3 | 3 |
| Наставните активности за презентација на проектните извештаи на студентите на втор циклус за група што брои до 15 | 1 | 3 | 3 |
| Наставните активности за презентација на проектните извештаи на студентите на втор циклус за група што брои 16 и повеќе | 2 | 3 | 6 |

2) Преглед на додатоците по наставен час:

| Наставници во наставно/ наставно-научно/ научно звање во постојан работен однос | Додаток за еден наставен час изразен во бодови во нето износ |
|---|---|
| Предавач на висока стручна школа | 4 |
| Виш предавач на висока стручна школа | 5 |
| Професор на висока стручна школа | 6 |
| Лектор | 4 |
| Виш лектор | 5 |
| Доцент | 6 |
| Вонреден професор | 8 |
| Редовен професор | 9 |

3) Доколку постојано вработен наставник е ангажиран како ментор на специјалистички труд, тогаш тој добива додаток во висина од 120 бодови во нето износ ( исплата е во два дела: 60 бодови за менторство и 60 бодови за оценка и одбрана)

[2] Во зависност од бројот на предвидени наставни часови согласно предметната програма

4) Доколку постојано вработен наставник е ангажиран како член на комисија за оценка и одбрана на специјалистички труд, тогаш тој добива додаток во износ од 30 бодови во нето износ за член или претседател на комисија за оценка и одбрана на специјалистички труд;
5) Доколку постојано вработен наставник е ангажиран за извршување на консултантски активности, во зависност од консултантското звање и реализираните консултантски сесии добива надоместок во износ од:

| **Консултантско звање** | **Додаток за една консултантска сесија (70 минути) изразена во бодови во нето износ** |
|---|---|
| Асистент консултант | 3 |
| Консултант | 5 |
| Самостоен консултант | 7 |
| Водечки консултант | 9 |

6) Доколку постојано вработен наставник е ангажиран за извршување на обучувачки активности, во зависност од обучувачкото звање и реализираните обучувачки сесии добива надоместок во износ од:

| **Обучувачко звање** | **Додаток за една обучувачка сесија (60 минути) изразена во бодови во нето износ** |
|---|---|
| Асистент обучувач | 2 |
| Ко-обучувач | 4 |
| Водечки обучувач со ко-обучувач | 6 |
| Водечки обучувач без ко-обучувач | 9 |

7) Постојано вработен наставник може да добие додаток во бруто износ од 10% од вредноста на потпишаниот договор за улогата на координирање на подготовката и имплементацијата на понудата за комерцијална обука или консултантска услуга. Наплатата на додатокот ќе се изврши по реализираната и наплатена услуга;
8) Постојано вработен наставник или тим од наставници може да добијат додаток во бруто износ од 5% од вредноста на одобрените средства за проектна апликација за улогата на мониторинг и евалуација на проектот. Наплатата на додатокот ќе се врши квартално според поднесениот квартален извештај за мониторинг и евалвација на проектната апликација.

**Член 22**

Постојано вработените може да добијат додаток за вклучување за реализација на проектни активности согласно проектниот буџет

**4. НАДОМЕСТОЦИ**

**Член 23**

На постојано вработените им припаѓа надоместок за одредени материјални трошоци и други надоместоци кои се утврдуваат според реалните трошоци и износи, како што се:

1) Дневници за службени патувања во земјата во висина од најмалку 8% од просечната плата исплатена во последните три месеци[3];
2) Дневници за службени патувања во странство не помалку од надоместоците предвидени во Уредбата за издатоците за службен пат и селидби во странство; Одлука за упатување на службен пат во странство донесува Директорот на БАС на одобрение од Орган на основачите на БАС.
3) Надоместок на трошоци за користење на сопствен автомобил за службени цели – по добиено одобрување за оваа намена се исплаќа надоместок во износ од 30% од цената на литар гориво што го користи автомобилот за секој изминат километар;
4) Надоместок при заминување во пензија во износ од најмалку две просечни нето плати остварени на ниво на Р. Македонија исплатени во последните три месеци;
5) Надоместок во случај на смрт на вработен, на неговото семејство се исплатува надоместок во износ од три основни плати;
6) Надоместок за вработениот во случај на смрт на сопруг, сопруга, деца и родители кои живеат во иста семејна заедница во износ од две основни плати;
7) Надоместок за работен стаж (минат труд);
8) Надоместок за регрес за користење на годишен одмор во износ од најмалку 40% од основицата, под услов вработениот да е вработен најмалку 6 месеци во календарската година на БАС. Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на годината;
9) Јубилејна награда за вработен кој извршувал непрекината работа на БАС за најмалку 10 години во износ од една основна плата[4]. Овие средства ќе бидат исплатени доколку истите се предвидат во годишниот буџет и се одобрат од Орган на основачите на БАС.
10) Надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест или повреда во времетраење до 21 ден во износ од 100% од основицата за плата;
11) Надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради повреда на работа и професионално заболување, за време на давање на ткиво или орган, како и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство во износ од 100% од основицата за плата;
12) Надоместок на плата и надоместок за дополнителна и воннаставна ангажираност за време на користење на годишниот одмор;

[3] Основната плата за пресметување на надоместоците на вработените претставува просечна месечна нето плата по работник во Р. Македонија исплатена во последните три месеци.
[4] Исто.

13) На наставник кој е во постојан работен однос, на секои пет години, БАС може да му одобри платено отсуство во траење од една година, односно неплатено отсуство во траење до три години заради стручно, односно научно усовршување во соодветната научна област или за претстој на високообразовна, научна или уметничка установа со статус на во наставно или наставно-научно звање. Одобрение за ова даваат Орган на основачите на БАС по претходно барање и образложение од страна на наставникот;
14) Наставник кој е во постојан работен однос на БАС, на шест години извршена работа има право на продлабочување на усовршувањето на подрачјето кое е предмет на негово истражување во вкупно траење од најмногу 12 месеци, при што педагошките обврски му се прераспределуваат, но не смее да му се зголемат за повеќе од една третина. За овој случај одобрение даваат Орган на основачите по претходно барање и образложение од страна на наставникот;

За наставниците од став 13 и 14 на овој член, доколку им се одобри престој за стручно, односно научно продлабочување и усовршување на еден од првите 100 универзитети рангирани на последната објавена листа од следните инситутции: Институт за високо образование при Шангајскиот Џио Тонг универзитет, US News and Report i Times Higher Education Supplemnet - World University Ranking, Министерството за образование и наука одобрува надомест на трошоците за престојот на соодветниот универзитет за сместување, исхрана, здравствено осигурување и патни трошоци. Висината на надоместокот на трошоците за престојот се утврдуваат врз основа на известувањето од соодветниот Универзитет. За време на студискиот престој, наставникот има право на плата во висина од 70% од последната исплатена плата пред заминување на престојот за стручно, односно научно продлабочување и усовршување.

Надоместоците предвидени во алинеја 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од став 1 на овој член ќе се исплатуваат непосредно согласно позитивната законска регулатива од важечкиот Законот за работни односи  и обезбедените можности според годишната програма за работа и буџетот за таа година.

## 5. СТИМУЛИРАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ
### 5.1. Професионален и кариерен развој

**Член 24**

За стимулирање на професионалниот и кариерниот развој на постојано вработените, БАС обезбедува финансиска поддршка за покривање на трошоците за учество на конференции, работилници, објавување на трудови во научни списанија и други форми на стручни и научни собири и презентација на своите трудови, учество  на обуки, визитинг настава и сл. во максимален износ од

1) 300 бодови годишно за постојано вработените наставници на БАС;

2) 150 бодови годишно за постојано вработените во стручната и административната служба на БАС.

**Член 25**

За користењето на средствата од член 20 од овој Правилник, на барање на вработениот одлучува Директорот на БАС по претходно барање на вработениот.

**Член 26**

Право на користење на финансиска поддршка имаат оние вработени кои имаат непрекинат работен стаж во БАС во период од најмалку 3 години.

**Член 27**

Финансиската поддршка вработените може да ја користат само во тековната година (односно од 31 март до 01 април наредната година).

**Член 28**

Доколку некој од постојано вработените на свое барање сака да го раскине договорот за работа склучен со БАС, тогаш има обврска средствата исплатени за стимулот за професионален и кариерен развој да ги врати на БАС во двоен износ од искористените средства од тековната година и 50% од искористените средства во претходната година.

**5.2. Успешност во изведбата**

**Член 29**

Постојано вработените на БАС имаат можност да добијат и стимул за своето работење врз основа на квалитетот и обемот на нивната работа.

**Член 30**

Стимулот се однесува само за постојано вработените лица кои што имаат работен стаж во БАС повеќе од една година.

**Член 31**

Стимулот за постојано вработените е еднократен за изминатата година и не може да биде поголем од една основна плата што ја зема вработениот.

**Член 32**

Предлог за добивање на стимул и за висината на стимулот дава Директорот, Менаџерот за развој или Заменик директорот на БАС, а одлука за годишниот буџет за стимулирање

донесуваат Орган на основачите на БАС.

**Член 33**

Износ за стимулативно наградување на вработените претставува учество на вработените во финансиската успешност на работењето на БАС. Тој се утврдува со усвојувањето на завршната сметка и се исплатува во наредната година со динамика утврдена при усвојувањето на завршната сметка.

Распределбата на средствата за стимулативно наградување ја врши Директорот. За директорот, менаџерот за развој и заменик директорот, стимулот го определуваат Орган на основачите.

**Член 34**

Во зависност од вкупниот број на активни студенти, во годишниот план ќе се определи стимул за вработените во стручната и административната служба за нивната зголемена работна ангажираност.

## 6. АДМИНИСТРАТИВНИ ОДРЕДБИ

**Член 35**

Доколку некои од активностите предвидени за постојано вработените на БАС се изведуваат за време на викенд, тогаш не се прави исплата на активностите, туку за замена се добива слободен ден по избор на вработениот, а по претходно одобрување од страна на Директорот или Заменикот директор на БАС.

**Член 36**

БАС е должна на вработениот при секоја исплата на основна плата, надоместок за дополнителна и воннаставна ангажираност, додатоци и/или надоместоци, на вработениот да му достави пресметка која ги содржи сите исплатени ставки.

Пресметките може да се достават до вработените и во електронска форма.

## 7. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ДРУГИ АНГАЖИРАНИ ЛИЦА КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА НАСТАВНА И/ИЛИ НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА НА БАС

**Член 37**

БАС согласно Законот за високото образование, Статутот на БАС и другите нормативни акти има можност да ангажира и други лица за изведување на наставна и научно-истражувачка работа на БАС.

**Член 38**

Лицата избрани во насловно звање или лицата кои се избрани во наставно, наставно-научно или научно звање, а кои дополнително се ангажирани во БАС за вршење на наставна работа, добиваат месечен надоместок за вршење на наставна работа во зависност од звањето во кое се избрани и од бројот на реализираните часови на БАС во месецот за кој се врши исплатата, а кои се предвидени во договорот за работа. Исплатата на наставните часови се врши според следниве износи:

| **Наставници во дополнителен работен однос** | **Надоместок за еден наставен час изразен во бодови во нето износ** |
|---|---|
| Предавач на висока стручна школа | 4 |
| Виш предавач на висока стручна школа | 5 |
| Професор на висока стручна школа | 6 |
| Лектор | 4 |
| Виш лектор | 5 |
| Доцент | 6 |
| Вонреден професор | 8 |
| Редовен професор | 9 |

**Член 39**

Утврдувањето на фондот на реализирани наставните часови, менторства, член за комисии и ангажирањето за извршување на консултантски и обучувачки активности од страна на БАС, се прави врз иста основа како исплата на додатоци за постојано вработените наставници

**Член 40**

Наставник кој е ангажиран како визитинг професор на БАС добива надоместок согласно договорот потпишан помеѓу визитинг професорот и БАС, а на предлог на Орган на основачите на БАС.

**Член 41**

Лицата кои се избрани како истакнати стручњаци од практиката добиваат надоместок во износ од 20 бодови нето износ за реализирање на 3 наставни часа по предметот за кои биле повикани да реализираат клиничка настава.

За овој ангажман, истакнатиот стручњак од практиката потпишува договор со БАС.

**Член 42**

Доколку други лица бидат агнажирани за вршење на научно-истражувачка работа на БАС, тогаш тие ќе добијат надоместок во зависност од видот и обемот на научно-истражувачката работа кој го утврдуваат Орган на основачите на БАС, а е регулиран со

меѓусебен договор.

**Член 43**

Доколку други лица бидат агнажирани за вршење на наставна или научно- истражувачка работа на БАС, тогаш тие ќе добијат надоместок во зависност од видот и обемот на наставната, односно научно-истражувачката работа кој го утврдуваат Орган на основачите на БАС, а е регулиран со договор.

## 8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 44**

Овој Правилник е основа за утврдување на критериумите и исплатата на платата, функционалните надоместоци, додатоците, надоместоците и сл. на наставниот кадар и на другите вработени на БАС и на лицата ангажирани за вршење на наставна или научно-истражувачка работа на БАС.

**Член 45**

За толкување на одредбите од овој Правилник надлежни се Орган на основачите на БАС.

**Член 46**

Доколку Орган на основачите утврдат причина за поинаква исплата на одредени ставки од овој Правилник, тогаш имаат право да донесат одлука и да ја направат промената.

**Член 47**

Измени и дополнувања на овој Правилник може да прават Орган на основачите на БАС на предлог на некој од Орган на основачите на БАС или на предлог на Директорот на БАС.

**Член 48**

Овој Правилник ќе се применува почнувајќи од 01.02.2020 година.

**За орган на Основачи на БАС:**

**Виш пред м-р Горазд Смилевски**